# ЕДО МУРТИЌ

## СЛИКИ И ПАСТЕЛИ 1985-87

УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА СКОПЈЕ
ОХРИДСКО ЛЕТО — ДОМ НА КУЛТУРАТА
„ГРИГОР ПРЛИЧЕВ“

# ЕДО МУРТИЌ

## СЛИКИ И ПАСТЕЛИ 1985-87

## НЕПРЕКИДНАТА ТВОРЕЧКА МЛАДОСТ НА ЕДО МУРТИЌ

Со делото на Едо Муртиќ и еден број други творци, југословенскиот ликовен живот веќе неколку децении е дел од културните средини во кои се создава современ уметнички израз, во сета негова сложеност и противречност.

Муртиќ се школува и создава веќе пред војната; не престана да твори ни како учесник на НОВ во Хрватска меѓу другото, заедно со З. Прица ги создадоа илустрациите за „партизанското" издание на поемата „Јама" на Иван Горан Ковачиќ (1944). Во првите повоени години Муртиќ не одбиваше да размислува и за задачите што тогашната тековна политичка практика ги сметаше за подобно во тој период. Но сето негово битие беше предодредено да се впушти во сосема друг вид истражувања.

Откако го оствари својот прв допир со Америка (1952), од 1953 наваму (година на неговите „предизвикателни" изложби во Загреб и Белград со „американски" визии), Муртиќ безрезервно прифати една од стожерните ликовни поетики на нашата епоха: апстрактниот експресионизам. Оваа ликовна ориентација му овозможи на Муртиќ постојано да е усогласен со времето во кое живее и незапирливо да ја „совладува" нашата епоха, како таа и да се менува.

Така и денешното творештво на Едо Муртиќ (по 1980) го користи животниот опит и сето богатство на досегашните уметникови истражувања: сега тие се преобразени во нови ликовни состави што многувидно соодветствуваат со некои најсуштествени белези на таканаречената „обнова на сликата".

Во претходниот период Муртиќ применуваше „распрснат", слободно бликнат потег што ја раскинуваше површината на сликата. Тој е присутен и во најновите негови дела. Но во нив повеќе надвладува неговото згуснување во јадри, сочно обоени блокови, во разновидно составени маси-облици: тие дејствуваат

како одвај скротена, збиена енергија, што жестоко ја вознемирува композицијата на ликовното дело.

Ова сегашно сликање на Муртиќ е родствено со она на македонските уметници Петар Мазев, а уште повеќе на Глигор Чемерски. Особено ги здружува мажественото и непосредно судрување со постоењето, за неговиот хаос да се скроти во „естетската димензија" на ликовното дело.

Чудесниот изблик на жизнерадосност, на сласта и радоста на постоењето; тој хедонизам од медитеранско потекло ги освојува на специфичен начин поновите мотиви на Муртиќ: приморските предели, новите урбани (наши и „американски") ведути, и тн. Уметникот се препушта на еден страстен сплет на својата личност со она што постои, кое станува плен на неговите емоции и дух. Така се запазува девственоста на уметниковиот порив и кажување. Но Муртиќ го слика и своето „знаење" за она што од светот творечки е освоено: оттука секоја објава на ваков однос кон мотивот сепак се завршува како акт на префинета ликовна култура.

Во нашата средина творештвото на Муртиќ пред оваа изложба беше следено во неколку видови. Пред сѐ, неговите пробиви кон современ ликовен израз имаа соодветна сродност со истражувањата на некои македонски уметници. Потоа, во 1964 година во Скопје беше претставена мапата „Скопје во неговите очи", со песни од Јуре Каштелан и графики на Муртиќ, како нивна заедничка уметничка визија на скопскиот земјотрес од 1963 г. Муртиќ подарува и свои дела на Музејот на современата уметност во Скопје. Потоа во Центарот за култура и информации на град Скопје е прикажана и новата верзија на неговите илустрации за „Јама" од И. Г. Ковачиќ (заедно со З. Прица) во 1983 год. Потоа нови графички остварувања на хрватскиот уметник беа претставени во НУБ „Климент Охридски" во 1987 год.: секогаш свртувајќи го вниманието на културната јавност, овие изложби се и знак на желбата на Муртиќ да биде присутен и во нашата средина со највпечатливиот дел на својата личност.

Д-р. Борис Петковски



## ЕДО МУРТИЌ

Роден на 04.05 1921 во Големи Писоници крај Бјеловар. Во 1925 година се преселува во Загреб каде се запишува на училиштето за Обликовање. 1939 година ги започнува студиите на Академијата за ликовни уметности (оддел сликарство) во Загреб кај професорите Крсто Хегедушиќ и Љубо Бабиќ. Во периодот 1940-1941 година студиите ги продолжува во Београд во сликарското училиште на Петар Добровиќ, но во периодот од 1941-1943 година повторно се враќа во Загреб кај проф. Љубо Бабиќ. Во 1943 година им се приклучува на единиците на НОВ каде ги создава заедно со Златко Прица првите скици и цртежи за илустрација на поемата „Јама" од Иван Горан Ковачиќ. Едо Муртиќ покрај сликарство се занимава со графика, графички листови и сценографија.
Живее и работи во Загреб ул. Мартичева бр. 14е

## САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ:

1946 — Прага, Умелков разговор
1952 — Њујорк, Питсбург, Лос Анѓелос, Сан Педро
1953 — Загреб, Салон на УЛУХ — Белград, Салон на УЛУС
1954 — Загреб, Уметнички павилјон — Белград, Галерија на народниот одбор Осијек
1955 — Брисел, Палата на убавите уметности
1956 — Загреб, Градска галерија на современата уметност — Рим, Национална галерија на модерната уметност
1957 — Дунај, Галерија Würthle
1959 — Милано, Галерија Бергамини — Загреб, Градска галерија на современата уметност
1960 — Љубљана, Мала галерија — Рим, Галерија Galleria La Medusa — Београд, Галерија на градскиот народен одбор

1961 — Визбаден, Галерија на Ренте Букс (со Драго Тршар)
1962 — Загреб, Градска галерија на современа уметност
1963 — Милано, Галерија Бергамини — Париз — Загреб, Музеј за применета уметност
1964 — Белград, Салонот на музејот на современа уметност — Скопје, Музеј на современата уметност — Целовец, Галерија 61
1965 — Њујорк, Галерија Озборн — Цирих, Галерија на Сузан Болог — Дизелдорф- Загреб, Модерна глерија на Југословенската академија на науките и уметностите
1966 — Келн — Сплит, Галерија на уметностите — Риека, Модерна галерија
1967 — Ниш, Уметничка галерија — Бјеловар, Градски музеј
1968 — Женева — Лугано
1969 — Трст, Галерија Систиана — Винковци, Уметничка галерија
1970 — Костањевица, Ламутова галерија — Загреб, Студио на галерија Форум
1971 — Загреб, Галерија Форум-Милано Палата Реал
1972 — Милано-Дубровник, Уметничка галерија — Торино-Чикаго-Загреб, Галерија Форум — Нови Сад, Мал ликовен салон
1973 — Ла Специа, Галерија Габриано
1974 — Трст — Лабин, Народен музеј — Опатија, Изложбен салон — Риека, Градина Трсат-Ровињ, Завичаен музеј — Београд, Салон на музејот на современата уметност — Пиран, Месна галерија
1975 — Загреб, Галерија Форум — Милано, Галерија Бергамини — Новара, Галерија Св. Стефан-Болоња
1976 — Београд, Салон на музејот на современата уметност — Загреб, Галерија Форум — Београд, Народен музеј — Милано — Хвар, Галерија „На банкете"
1977 — Београд, Галерија на Домот на ЈНА — Ѓенова, Галерија Рота — Фиренца, Галерија 4 М
1978 — Загреб, Галерија Форум
1979 — Љубљана, Пословен центар на „Искра" — Нови Сад, Галерија на ликовните уметности — Пула, Ликовен салон — Марибор, Уметничка галерија
1980 — Риека, Модерна галерија — Љубљана, Месна галерија — Париз-Милано
1981 — Задар, Галерија на уметностите — Загреб, Уметнички павиљон — Париз, Галерија на интернационалната уметност — Запрешиќ, Галерија „Ротонда" — Загреб, Галерија Буљат-Чикаго
1982 — Ниш, Галерија на современата ликовна уметност — Чачак, Уметничка галерија „Надежда Петровиќ" — Вараждин, Галерија на градскиот музеј — Шибеник, Изложбена сала на градот — Бања Лука, Уметничка галерија — Париз, Галерија на интернационалната уметност
1983 — Сан Паоло, XVII Биенале-Загреб, Галерија Форум-Београд, Галерија на домот на ЈНА — Љубљана, Модерна галерија
1984 — Љубљана, Галерија „Арс" — Париз, Гранд Пале „FIAC" — Риека, Модерна галерија — Сплит, Галерија Алфа
1985 — Фиренца, Галерија Аглиа-Суботица, Галерија „Францер" — Голема Горица, Галерија Галженица-Дубровник, Уметничка галерија-Самобор, Галерија Матијаш
1986 — Београд, Галерија Себастијан-Риека, Модерна галерија — Загреб, Музејски простор-Вараждин, Галерија Себастијан-Крапина, Галерија на народниот универзитет „Ивица Божиќ" — Берн, Галерија Фелдман-Јајце, Музеј АВНОЈ — Загреб, Галерија Амадео

## ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ:

Учествувал на голем број изложби во земјата и странство меѓу кои:
1958 — XXIX Биенале во Венеција
1958 — Питсбург, Светска изложба
1965 — Токио, VIII Биенале
1965 — Сан Марино, V Биенале
1967 — Сан Паоло, IX Биенале
1971 — Париз, Уметноста во Југославија од праисторија до денес
1985 — Љубљана, Биенале на графика
1986 — Чикаго, Нова таписерија

## НАГРАДИ:

Добитник е на голем број награди и признанија меѓу кои

1948 — I награда за сликарство на Хрватска
1961 — I награда за сликарство на првото тренале на ликовната уметност во Белград
1985 — Награда АВНОЈ, Белград



Стара маслинка, 1986, масло на платно, 185 x 200 см.



Црвена земја, 1987, масло на платно, 200 x 200 см.



Каменен свет, 1987, масло на платно, 114 x 146 см.



Црвено небо, 1985, масло на платно, 140 x 159 см.



Два чемпреса, 1987, масло на платно, 97 x 130 см.



Острво, 1987, масло на платно, 50 x 70 см.

## КАТАЛОГ

1. Камен V, 1986
   дим. 146 x 146
   масло на платно

2. Камен III, 1986
   дим. 146 x 146
   масло на платно

3. Камен II, 1986
   дим. 146 x 146
   масло на платно

4. Камен I, 1985
   дим. 200 x 185
   масло на платно

5. Каменен свет, 1987
   дим. 114 x 146
   масло на платно

6. Жолто небо, 1987
   дим. 130 x 195
   масло на платно

7. Грми, 1987
   дим. 114 x 146
   масло на платно

8. Вознемирен ден, 1987
   дим. 200 x 200
   масло на платно

9. Жолта бура, 1987
   дим. 200 x 200
   масло на платно

10. Старата маслинка, 1985
    дим. 185 x 200
    масло на платно

11. Преку ридот, 1987
    дим. 146 x 195
    пастел на хартија

12. Сини облаци и жолто небо, 1987
    дим. 146 x 195
    пастел на хартија

13. Пред невреме, 1987
    дим. 146 x 195
    пастел на хартија

14. Патување, 1985
    дим. 190 x 290
    пастел на хартија

15. Згариште, 1987
    дим. 120 x 165
    пастел на хартија

16. Црвено небо, 1987
    дим. 140 x 159
    пастел на хартија

17. Планина и море,
    дим. 50 x 70
    пастел на хартија

Сите дела се сопственост на авторот.

Организатор: Уметничка галерија Скопје
Одговорен уредник: Драган Бошнакоски
Предговор: Д-р Борис Петковски
Организација на изложбата и каталошки податоци: Жарко Този и Коста Мартиновски
Каталог: Александар Цветковски
Колор фотографии: Обална галерија Пиран
Црно бели фотографии: Ѓорѓи Тричковски
Печати: НИП „Нова Македонија" — Скопје
Тираж: 400 примероци

Охрид: 12-24 јули 1988
Скопје: 29 јули 28 август 1988